14. 03. 2022 05-823/3

Друштво за угостителство, трговија и услуги ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТ ДООЕЛ Бр. 03-01/29 16.03.2022 год. СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА МИЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерството за животна средина и просторно планирање со адреса на плоштад „Пресвета Богородица" број 3, Скопје застапувано од Naser Nuredini, министер (во понатамошниот текст: „Договорен орган") и

2. Друштво за угостителство, трговија и услуги ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТДООЕЛ со адреса на Чеде Филиповски бр.12, Центар,Скопје застапувано од Трајко Бошковски управител (во понатамошниот текст: „Носител на набавката).

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

(1) Предмет на овој Договор е набавка на услуга за миење на службени возила на Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно наведеното во техничката спецификација од тендерската документација и прифатената понуда на Носителот на набавката, кои се составен дел на овој Договор.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Договорните страни се согласни дека вкупната вредност на овој Договор ќе се утврди врз основа на реално извршени услуги - предмет на овој Договор, при што Договорниот орган може да нарача, а Носителот на набавка може да изврши услуги најмногу до 200.000,00 денари со вклучен ДДВ.

(2) Единечните цени за реализација на предметот на овој договор се дадени во конечната понуда на Носителот на набавка, составен дел на овој договор

(3) Со договорот не се предвидува корекција на цените, односно цените ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

## IV.ВРЕМЕТРАЕЊЕ, РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 3**

(1) Договорот се склучува за временски период од 1 (една) година сметано од денот на потпишувањето на договорот или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе достаса).
(2) Услугите, предмет на оваа набавка, давателот на услугата ќе ги изврши на барање на корисникот на услугата, совесно и квалитетно.
(3) Со предметната услуга ќе бидат опфатени службените моторни возила на Министерството за животна средина и просторно планирање, прилог кон дговорот.

Се забранува извршување на услуга на возила со регистарски таблички различни од тие дадени во табелата од техничката спецификација, прилог на овој договор.
(4) Избраниот носител на набавка ќе има обврска во текот на времетраењето на договорот за јавна набавка, да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите дефинирани во договорот.
(5) Предметната услуга ќе се извршува во Скопје, и тоа во сервисот за миење на возила на избраниот носител на набавка.
(6) Рокот за извршување на услугите е најмногу 1 час по доставување на патничкото возило. Носителот на набавката е должен да потпише приемница во моментот на доставување на моторното возило.
Понудувачот се обврзува да им даде приоритет на службените возила на Министерството за животна средина и просторно планирање и бараната услуга да ја изврши веднаш по приемот на возилото во сервисот за миење
(7) Неквалитетно извршените услуги, корисникот на услугата може да ги рекламира по прием на возилото. Давателот на услугата е должен оправданите рекламации како последица на неквалитетна услуга да ги отстрани веднаш и без надоместок.

## V. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

### Член 4

Квалитативен и квантитативен прием на извршените услуги-предмет на овој Договор врши Договорниот орган, со потпис од страна на лицето кое го предало возилото за миење во документ-месечен преглед на измиени возила. Овој месечен преглед потпишан од овластените лица на двете Договорни страни, е прилог кон месечната фактура.

## VI. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

(1) Плаќањето ќе се изврши во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на фактурата за сите извршени услуги за период од еден месец.
(2) Кон фактурата за плаќање задолжително се приложува работниот налог за извршената услуга, кој содржи и податоци за марката на возилото, регистарскиот број на возилото, датум на извршување на услугата, име и презиме на доносителот на возилото и негов потпис со кој потврдува дека услугата е извршена.
(3) Доколку фактурата не ги содржи сите документи и податоци од оваа точка, нема да биде платена и ќе биде вратена на носителот на набавката на докомплетирање.

### Член 6

Доставена фактура со регистарска табличка неспомената во табелата од техничката спецификација не се признава и истата ќе биде одбиена.

## VII. ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

**Член 8**

Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.

## VIII. ИЗМЕНИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

**Член 9**

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## IX. ВИША СИЛА

**Член 10**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неиспол-нување на обврските по овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## X. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на договорните страни.

**Член 12**

(1) Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.
Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.
(2) Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.
(3) Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

**Член 13**

(1) Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

(2) Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.
(3) Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот кој бил даден од договорниот орган, договорниот орган може да го раскине договорот.

**Член 14**

(1) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.
Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).
(2) Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.
(3) Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
(4) За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.
(5) Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.
(6) По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

(1) Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
(2) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
(3) Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување анекс на договорот.
(4) Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 16**

Договорот стапува на сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**Член 17**

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 18**

За сè што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и од другите позитивни прописи во Р. С. Македонија.

**Член 19**

Овој договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 4 (четири) примерока за договорниот орган и 2 (два) примерока за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА |
| --- | --- |
| **Министерството за животна средина и просторно планирање** | **Друштво за угостителство, трговија и услуги ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТДООЕЛ** |
| **МИНИСТЕР** | **УПРАВИТЕЛ** |
| Naser Nuredini | Трајко Бошковски |

**Изготвил:** Faton Dardhishta
**Контролирал:** Burbuqe Haxhijaha
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Весна Петрушевска
**Согласен:** Каја Шукова
Државен секретар

*Прилог:*

- *Техничка спецоификација од тендерската документација*
- *Понуда на Друштво за угостителство, трговија и услуги ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТДООЕЛ*

## 9. Технички спецификации

Министерството за животна средина и просторно планирање има потреба од јавна набавка на следните услуги:

- Надворешно миење на теренско возило
- Надворешно миење на патничко возило
- Внатрешно миење на теренско возило
- Внатрешно миење на патничко возило
- Комплетно (надворешно и внатрешно) миење на теренско возило
- Комплетно (надворешно и внатрешно) миење на патничко возило.

**НАПОМЕНА**: Објектот (пералната) каде економскиот оператор ќе ја извршува услугата треба да биде во радиус од **максимум 2 км** од седиштето на Министерството за животна средина и просторно планирање на ул. Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје.

Доколку економскиот оператор достави понуда, чиј сервис за миење на возила е со оддалеченост поголема од 2 (два) километри од седиштето на договорниот орган, истата ќе биде отфрлена како неприфатлива и нема да биде предмет на евалуација во понатамошната постапка.

***Договорниот орган го задржува правото да ја потврди оддалеченоста на сервисот за миење на возила со посета на локација.***

Услугите ќе се извршуваат на возилата со следните регистарски таблички

* *Бројот на возила за времетраење на договорот може да претрпи измена.*

| Ред. бр. | Марка/ вид на возило | Регистерски број | Ред. бр | Марка/ вид на возило | Регистерски број |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пежо 307-Б | SK-092-MF | 13. | Шкода Супер В | SK-2023 BF |
| 2. | Шкода Јети | SK-1270-AR | 14. | Пежо 308 | SK-6355-AI |
| 3 | Шкода Октавиа | SK-1271-AR | 15. | Форд Куга | SK-2943-AN |
| 4. | Цитроен Берлинго | SK-512 -LI | 16. | Пежо 301 | SK-8748-AM |
| 5. | Туарег | SK-0652-AJ | 17. | Цитроен JUMPY | SK-6749-AO |
| 6. | Голф-4 | SK-3942-AC | 18. | Цитроен Еилсеи | SK-5467-AZ |
| 7. | Дачија Дастер | SK-3286-AB | 19. | Цитроен Еилсеи | SK-6747-AO |
| 8. | Даеву Матиз | SK-4425-AK | | | |
| 9. | Ландровер Фрил | SK-9953-AG | | | |
| 10. | Пежо-208 | SK-2442-AJ | | | |
| 11. | Пежо-208 | SK-4161-AI | | | |
| 12. | Дачија Дастер | SK-5104-BB | | | |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број __**01210/2022** __ објавен од страна на __**Министерство за животна средина и просторно планирање**__, за набавка на __**Миење на службени возила на Министерството за животна средина и просторно планирање**__ со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ДУТУ "ПЕТТИОТ ЕЛЕМЕНТ ДООЕЛ Авто перална Ново Маало _
I.2. Контакт информации

- Адреса: __ улица Чедо Филиповски број 12 Центар Скопје ___
- Телефон: _____070-233-327 077-600-330____________
- Факс: _________++389 2 3136-075___
- Е-пошта: _____ trajkoboskovski@gmail.com __________
- Лицеза контакт: _____070-233-327 ____________

I.3.Одговорно лице: ______ Трајко Бошковски 077-600-330_____________
I.4. Даночен број: ___________4030005568626_____________
I.5.Матичен број: ______6047181________________

**Дел II – Техничка понуда (задолжително пополнување)**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:
_Надворешно миење на теренско возило, надворешно миење на патничко возило, внатрешно миење на теренско возило, внатрешно миење на патничко возило, комплетно (надворешно и внатрешно) миење на теренско возило, комплетно (надворешно и внатрешно) миење на патничко возило_
***[Во оваа точка понудувачот ги наведува услугите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација. Со пополнување на оваа точка понудувачот потврдува дека услугите кои ги нуди се во согласност со техничките барања и услови наведени во техничките спецификации и тендерската документација]***

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдена во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда (задолжително пополнување)**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда [збир од единечните цени на услугите наведени во листата на цени во точка III.2 од овој образец (ставка бр.1+2+3+4+5+6)], вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: __1100,00___ [со бројки] (_илјада и сто денари___) [со букви] денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува ____0,00 ( нула ) денари____________.

III.2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

| Ред. бр. | Вид на услуга | Единечна цена на услугата без вклучен ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Надворешно миење на теренско возило | 200,00 | 0,00 |
| 2 | Надворешно миење на патничко возило | 150,00 | 0,00 |
| 3 | Внатрешно миење на теренско возило | 100,00 | 0,00 |
| 4 | Внатрешно миење на патничко возило | 100,00 | 0,00 |
| 5 | Комплетно (надворешно и внатрешно) миење на теренско возило | 300,00 | 0,00 |
| 6 | Комплетно (надворешно и внатрешно) миење на патничко возило | 250,00 | 0,00 |
| **Вкупна цена на понудата без ДДВ (1 +2 +3+4+5+6)** | | 1 100,00 | 0,00 |

III.3 Локацијата на нашиот сервис за миење на возила каде ќе се извршува услугата се наоѓа на следнава адреса - ул. _ улица Чедо Филиповски број 12 Центар Скопје __ Во Скопје, на оддалеченост од ____700___ ( метри ) од седиштето на МЖСПП, ул. Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје.

III.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.5 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и техничката спецификација.

Место и датум

__Скопје 14-02-2022 година___

Одговорно лице*

____Трајко Бошковски___

(потпис)

Trajko Boshkovski

Digitally signed by Trajko Boshkovski
Date: 2022.02.14 23:51:37 +01'00'

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице.